РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-1107/1
14-02-2020

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019, Државната комисија за спречување на корупцијата на 26-та седница одржана на ден 07.02.2019 година донесе

**ОДЛУКА**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против службено лице, вработено во јавна установа поради тоа што не се потврдени наводите од анонимната пријава и Државната комисија нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-3576/1 од 16.07.2019 година.

Предметот со број 09-3576/1 од 16.07.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-3576/1 од 16.07.2019 година е оформен по анонимна пријава против службено лице, вработено во јавна установа со наводи дека лицето сеуште е во редовен работен однос со полни 64 години и барањето за продолжување на работниот стаж е поднесено надвор од законскиот рок, по што Државната комисија достави допис до Државниот инспекторат за труд на надлежно постапување.

Државната комисија беше повратно известена од страна на Државниот инспекторат за труд дека службеното лице до работодавачот има поднесено Изјава за продолжување на работниот однос на ден 23.08.2019 година, односно ја поднел во законски предвидениот рок. Државниот инспекторат за труд утврди дека јавната установа во конкретниот случај постапила законски кога го продолжила работниот однос на наведеното службено лице.

На седницата одржана на ден 07.02. 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од член 77 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира дека нема основа за нејзино надлежно постапување поради тоа што наводите од пријавата не се потврдуваат.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Кате Здравкоска, советник


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk